СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1141/2022
Дата..................... 17 -06- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Боговиње, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње.

Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планска програма изнесува 207 ha и неговата местоположба е дефинирана во рамки на прикажан графички прилог.

Дефинирањето на границите на планскиот опфат, со површина на истиот, ќе се утврди со одобрената Планската програма. Се задолжува Општина Боговиње, по донесување на планот, да достави информација до Агенција за планирање на просторот и Министерство за животна средина и просторно планирање за конечниот плански опфат.

Површината на плански опфат за кој се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 205, 74 ha. За останатиот дел од планскиот опфат за Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње, предходно се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на:

-Урбанистички проект за изградба на станица за снабдување со течни горива и течен нафтен гас со пропратни објекти на КП 1638 и КП 1639, КО Камењане, Општина Боговиње, со тех. бр. Y35808,

-Локална урбанистичко планска документација за угостителски комплекс на КП 1643, м.в. Арда, КО Камењане, Општина Боговиње, со тех. бр. Y22911.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Планскиот опфат за селото се граничи со простор за кој што се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Долно Палчиште, со разработка на блокови, КО Долно Палчиште, Општина Боговиње, со тех. бр. Y21119.

Низ планскиот опфат поминуваат траси за којшто се издадени Услови за планирање на просторот за:

-Проект за инфраструктура за главен доводен цевковод за наводнување од ХМС Равен-Речица, со тех. бр. Y01814,

-Поставување на подземна мрежа со кабел на подрачјето: Деве Баир-Ќафасан, со тех. бр. Y07705.

Предметната локација се наоѓа во граници на III заштитна зона на изворот Рашче.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторо т од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y14522 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на планската документација за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18)

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Боговиње**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 41999 од 24.03.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње. Површината на планскиот опфат изнесува 207 ha.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1141/2022 од 15.06.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Камењане, КО Камењане и КО Камењане-вон г.р., Општина Боговиње и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk